РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр. 10-2074/1
28.10. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 14 став 1 алинеја 16 и член 14-а став 5 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, бр.130/08, 97/10, 53/11 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14 и 130/14), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии донесе

# Интерно упатство за работењето на испитната комисија за потребите на Едукацијата за јавните набавки

## Член 1

Со ова Интерно упатство се пропишува начинот на работењето на испитната комисија за спроведување на писмениот испит по јавни набавки (во понатамошниот текст комисија), а во согласност со интерните упатства на Бирото.

## Член 2

Составот на комисијата го утврдува директорот на Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Биро) со решението за спроведување едукација.

Член на комисија може да биде лице кое ги исполнува следните услови:

- Да е вработено во Бирото за јавни набавки
- Да има завршено најмалку средно образование и најмалку една година работно искуство во Бирото или Висока стручна спрема и шест месеци работно искуство во Бирото
- Да не му е изречена дисциплинска мерка поради дисциплинска неуредност или дисциплински престап
- Да не е определен за обучувач во истиот термин.

Наведените услови за членови на комисија не се идентични со условите за членови на испитна комисија на писмениот испит за обучувачи по јавни набавки.

## Член 3

Комисијата е составена од претседател и два члена. Комисијата треба да ги врши следниве работи:

1. да го спроведе писмениот испит согласно со процедурата за спроведување на писмениот испит
2. да го реализира писмениот испит, да води записник за спроведување на испитот, да го реализира поправниот испит и да врши други работи потребни за спроведување на испитот

[1] 10-2074/1 [2014]

3. да го доставува изготвениот записник за спроведување на испитот до Одделението за обуки.

**Член 4**

Членовите на комисијата заеднички ги извршуваат работите согласно со ова упатство.

На полагањето на испитот треба да присуствуваат сите членови на комисијата. Доколку членот на комисијата не е во можност да присуствува на писмениот испит, мора да го извести Одделението за обуки најдоцна два дена пред испитот.

**Член 5**

Членовите на комисијата кои се членови на комисијата во термините кои се предаваат од Модилот за договорни органи – Дел 1 до Дел 13, ќе добијат надоместок чија висина се утврдува со посебно решение.

Членовите на комисијата кои се членови на комисијата во термините кои се предаваат од Модилот за договорни органи – Дел 14 и Дел 15 ќе добијат слободен ден по одобрен налог за прекувремена работа за спроведување на едукацијата за договорни органи коишто ќе бидат определени со решение.

Исплата на надоместокот, односно слободниот ден, ќе бидат одобрени само доколку членот на комисјата ги извршил сите работи наведени во интерното упатство, а кое се утврдува од записник од спроведен испит.

**Член 6**

Со започнувањето со примена на ова интерно упатство престанува да се применува Интерното упатство за работењето на членовите на комисијата за потребите на едукацијата за јавните набавки под број 10-372/1 од 07.02. 2014 година.

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на веб страната на Бирото, а ќе се применува на обуките започнувајќи од 15 октомври 2014 година.

Број ______________________

Скопје, _____._____._____ година

в.д. ДИРЕКТОР

д-р Маре Богева Мицовска

Изработил: м-р Катерина Ѓорѓиева

Одобрил : м-р Александар Аргировски

Согласни: м-р Рита Глигоријевска